Јавна установа
Institucioni publik
ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР КАРПОШ
QENDRA KULTURORE PËR FËMIJË KARPOSH
Скопје, Република Северна Македонија
Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Број/numër 08-59
Дата/data 25.01.2021

детски културен центар
КАРПОШ

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА
# ЈУ.ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР – КАРПОШ

**СКОПЈЕ,2021**

бул. Илинден бр.53, 1000 Скопје / bul. Ilinden br.53, 1000 Skopje
e-mail:direktordkckarpos@yahoo.com,
www.dkckarpos.org.mk
тел: 02 /3228 -111

# ВОВЕД

Во минатото и во иднината детското творештво било и ќе биде синоним на работата на ДКЦ "Карпош".Досегашната девиза беше и останува да се биде постојано присутен и актуелен центар на младите во Скопје,Република Македонија и пошироко.Нашиот магичен прозорец кон иднината е проширена дејност и надградба на досегашната работа и различни активности со сите атрибути на младоста која има еруптивен карактер.Детскиот културен центар Карпош ги интегрира децата од предучилишна до 15 годишна возраст во активностите на Центарот, а преку него ги интегрира во општествениот живот на градот и државата, односно овозможува дидактички прилагодена интеграција на децата во културно-општествениот живот. Индивидуалниот развој на децата е насочен кон остварување долгорочна општествена стабилност и сигурност, преку креативни, педагошки, забавни и рекреативни активности.

Основата на Центарот ја сочинува масовното членство на децата во него и разновидните содржини кои тој ги нуди и обезбедува со постојана подготвеност за нивна доградба и промена во однос на потребите и интересите на децата. Со ова се наложува неопходноста од создавање препознатлива и трајна физиономија на Центарот на сите нивоа од општествениот живот со тежиште тој да прерасне во функционална заедница на децата и спрега помеѓу нив и етаблираното општество. Со тоа се овозможува едноставен и брз пристап на децата до сите интересни сфери за нив, но обратно, се отвара можност за активна партиципација на сите општествени структури во Центарот.

Од своја страна Центарот ги усвојува и ги развива современите едукативно-педагошки содржини и форми преку постојан контакт со исти или слични организации во земјата и надвор од неа и преку следењето на постоечките трендови во интересните области. Вака Центарот добива димензија на долгорочен културно-општествен едукатор за децата.

Центарот ги дефинира вредностите во општеството преку размена на искуства со организации од сличен карактер, НВО и економски субјекти и дидактички ги аплицира во својата секојдневна работа.

Поконкретните задачи се од типот на проширување на активностите на Центарот во насока на Европските стандарди со смислено вреднување и изведување.

За активностите на Центарот во смисла на негово презентирање во градот, земјата и странство ќе се исползува секој настан на општинско, градско и државно ниво каде што има можност за негова афирмација и популаризација. Со сублимирање на сите квалитетни активности од училиштата во градот, Центарот има функција на призма преку која се врши своевиден пресек на степенот на културно-општествениот развој на децата во училиштата.

Директор:
д-р Билјана Лалчевска Серафимовска

# В Н А Т Р Е Ш Н А   А К Т И В Н О С Т

| | |
|---|---|
| ***Име на активноста*** | Ликовно студио |
| ***Име и адреса на носителот на активноста:*** | ЈУ. Детски културен центар –Карпош, Скопје<br>Бул.Илинден. бр.53 |
| ***Опис на активноста*** | Ликовното воспитание и образование ја култивира личноста на детето и ги развива неговите творечки способноти. Преку ликовното изразување се пренесуваат знаења и естетски вредности, се развиваат способности преку кои детето ја развива и ослободува својата личност.<br>Часовите по цртање и сликање се наменети за деца и млади кои покажуваат талент за ликовното изразување. На заинтересираните ќе им се овозможи спонтано и низ игра да пробаат разни ликовни техники. Особено внимание ќе се посвети на изборот на материјали, експериментирањето со материјалите како и истражувачките активности при ликовното творештво. |
| ***Времетраење и место на реализација на активноста*** | Ликовното студио работи во текот на цела учебна година, во просториите на ДКЦ – Карпош и тоа еднаш неделно 2 часа 120 мин. ( среда) со можност да се прошири и во други денови во зависност од интересот и бројот на членовите.<br>Аудиции ќе се вршат два пати во годината во септември и во февруари. |
| ***Цели и очекувани резултати на проектот*** | Основната цел е да се поттикне креативноста и талентот кај децата и младите<br>✓ да стекне трајни и употребливи знаења и вештини за ликовното изразување<br>✓ да го запознаат светот околу себе,<br>✓ да ги забележуваат деталите<br>✓ да го развиваат критичкото мислење<br>✓ да го развие креативното мислење преку креативна работа, игра, забава, фантазија<br>✓ да научи комбинирање на повеќе видови материјали и ликовни техники<br>✓ да научи повеќе за цртање и сликање, дизајн, керамика, вајарство и креативно да го минува слободното време |
| ***Потребен кадар за работа*** | Раководител на ликовното студио:<br>Снежана Шумковска - Ликовен педагог |

**ВНАТРЕШНА АКТИВНОСТ**

| | |
|---|---|
| ***Име на активноста*** | Балетска секција |
| ***Име и адреса на носителот на активноста:*** | ЈУ. Детски културен центар – Карпош, Скопје<br>Бул.Илинден. бр.53 |
| ***Опис на активноста*** | Балетска секција- изучување на балетски движења, посетување на меѓународни натпревари, јавен час, манифестации, концерти.Часовите се одвиваат во три групи поделени според возраст, поточно од 3год до 5год- прва група, од 5год до 7год- втора група и од 7год до 9год трета група, каде што се изучуваат разни стилови – класичен балет,модерен,џез,хип хоп се до 9 годишна возраст,а потоа се определува еден стил.<br>Секоја група во период од септември до мај месец одржува еден јавен час-полугодие ,годишен концерт и во истиот период се посетуваат натпреварите и се учествува на разни манифестации. |
| ***Времетраење и место на реализација на активноста*** | Активноста  трае од месец септември 2020 до месец мај 2021 година. Се реализира во просториите на ДКЦ – Карпош – ( понеделник и среда со термини од 17:30ч до 20:30ч) |
| ***Цели и очекувани резултати на проектот*** | ✓ да се постигне резултат во балетската дисциплина,<br>✓ правилно поставување на телото преку балетски движења,<br>✓ развивање на координација во простор,<br>✓ развивање на музикалноста,<br>✓ социализација,концерти преку кои децата ќе можат да прикажат сè што сработиле во изминатиот период. |
| ***Потребен кадар за работа*** | Одговорен: Татјана Кипровска<br>Најмалку тројца- зависност од проект-<br>Сите останати вработени како логистичка поддршка за успешна реализација на активноста |

## В Н А Т Р Е Ш Н А   А К Т И В Н О С Т

| | |
|---|---|
| ***Име на активноста*** | Шаховска секција |
| ***Име и адреса на носителот на активноста:*** | ЈУ. Детски културен центар –Карпош, Скопје Бул.Илинден. бр.53 |
| ***Опис на активноста*** | Шаховската секција е активност од областа на спортот и рекреацијата.Покрај редовните часови ќе организира и по разни поводи шаховска симултантка и натпревар во решавање на шаховски проблеми.Еднаш во годината ќе се организира и првенство во кое ќе бидат опфатени повеќе деца од основните и средни училишта од Скопје. |
| ***Времетраење и место на реализација на активноста*** | Активноста  трае од месец септември 2020 до месец  јуни 2021 година. Се реализира во просториите на ДКЦ – Карпош |
| ***Цели и очекувани резултати на проектот*** | Шаховската секција има за цел да ја развие мислата и  концентрацијата на децата и овој спорт делува на психичкиот развој на нашите најмлади. |
| ***Потребен кадар за работа*** | Одговорен: Проф. Стојан Христов<br>За наставата ќе бидат ангажирани стручни лица: Фиде мајстор-Љубиша Андоновски.<br>Сите останати вработени како логистичка поддршка за успешна реализација на активноста. |

## В Н А Т Р Е Ш Н А   А К Т И В Н О С Т

| | |
|---|---|
| ***Име на активноста*** | Пинг- понг секција |
| ***Име и адреса на носителот на активноста:*** | ЈУ. Детски културен центар –Карпош, Скопје Бул.Илинден. бр.53 |
| ***Опис на активноста*** | Пинг- понгот е активност од областа на спортот и рекреацијата кој од неодамна воведе содржини кои го организираат слободното време на децата.Пинг-понгарската секција е погодна да ги ангажира децата во слободна игра без ограничувања и пропозиции.Се организираат пинг-понгарски натпревари кои ги опфаќа учениците од повеќе основни и средни училишта. |

| | |
|---|---|
| | |
| ***Времетраење и место на реализација на активноста*** | Активноста  трае од месец септември  2020 до месец  јуни 2021 година. Се реализира во просториите на ДКЦ – Карпош |
| ***Цели и очекувани резултати на проектот*** | Пинг-понгот има за цел да ги развие перцептивните вештини кои играат клучна улога во извршувањето на секојдневните задачи како што се фаќање и движење. Односот помеѓу визуелната перцепција и моторните вештини е клучниот сегмент на оваа активност. Пинг-понг играта овозможува поголемо време на интеракција меѓу децата.Со тоа пинг-понг играта може да го подобри процесот на стекнувањето вештини од слични моторни задачи и механизми кои се справуваат со комплексната и фина моторна контрола.Целта на пинг-понгот е да се развие кај децата:сила, брзина, издржливост, флексибилност, точност,моторика,натпреварувачки дух и правилен психофизички развој. |
| ***Потребен кадар за работа*** | Одговорен: Проф. Стојан Христов<br>Сите останати вработени како логистичка поддршка за успешна реализација на активноста |

**В Н А Т Р Е Ш Н А   А К Т И В Н О С Т**

| | |
|---|---|
| ***Име на активноста*** | **Курс по Македониски традиционални музички инструменти** |
| ***Име и адреса на носителот на активноста:*** | ЈУ. Детски културен центар – Карпош, Скопје<br>Бул.Илинден. бр.53 |
| ***Опис на активноста*** | Курсот за изучување на Македонски традиционални музички инструменти е поделен на два дела: теоретски дел и практичен дел .<br><br>Теоретскиот дел е запознавање на Македонските традиционални музички инструменти и нивната поделба. Нивната изработка  и нивната употреба, како и изучување на нотното писмо по одбрана литература.<br><br>Практичниот дел од зависност од кои Македонски традиционален музички инструмент е избран, да се совладуваат вежби за расвирување, да се совлада и интерпретираат дурски и молски скали и да се изучуваат ора и песни од различни етнички предели. |
| ***Времетраење и место на реализација на активноста*** | Активноста  трае од Септември 2020 до 10 Јуни 2021 година, со пауза – распуст во Јануари. Се реализира два пати неделно во просториите на ДКЦ – Карпош |

| | |
|---|---|
| ***Цели и очекувани резултати на проектот*** | Основна цел е запознавање со Македонските традиционални музички инструменти Кавал, Гајда, Зурла, Тамбура, Ќемане и Тапан како и запознавање и описменување со нотните знаци и симболи.<br><br>Очекувани резултати се: стекнување на општа музичка култура, запознавање на традиционалните мелоси во Македонија и интерпретирање на еден или повеќе Македонски традиционални музички инструменти во зависност од талентираноста на ученикот. |
| ***Потребен кадар за работа*** | Одговорен: д-р Томислав Таневски<br>Предавач: Оливер Настовски |

## **В Н А Т Р Е Ш Н А   А К Т И В Н О С Т**

| | |
|---|---|
| ***Име на активноста*** | Фолклорни детски ансамбли |
| ***Име и адреса на носителот на активноста:*** | ЈУ. Детски културен центар –Карпош, Скопје Бул.Илинден. бр.53 |
| ***Опис на активноста*** | Детскиот фолклорен ансамбл постои од самото формирање на ДКЦ – Карпош (Пионерски дом ) вкупно 70 години. Програмската определеност зависи пред се од програмските афинитети на кореографиите и генерациската можност на членовите на фолклорниот ансамбл. Генералната програмска определеност е негување на изворното и стилизирано македонско народно оро и песна. Од самото формирање, па се до денес, детскиот фолклорен ансамбл на „Карпош“ е вистински амбасадор на својата држава, а пред се на својата култура. Членовите на детскиот ансамбл „Карпош“ настапуваат на сите континенти во светот, од каде се враќаат со бројни признанија и награди. Имаат учество  на повеќе реномирани фестивали од светски размери како на пример фестивали во: Венацуела, Бразил, Порто Рико, Торонто – Канада, Германија, Франција, Шпанија, Турција, Италија... Својата вредност како ансамбл ја имаат покажано и |

| | |
|---|---|
| | на многу гостувања во телевизиски емисии и многу одржани концерти како во државата така и во странство. Својата работа како фолклорен ансамбл ја крунисуваат со звршен годишен концерт кој се изведува на крајот на месец април, каде пред своите родители и другата публика ја претставaт програмата која ја работеле изминатиот период.<br>Во својата работа ансамблот анимира околу 150 – 200 деца на возраст од 6 – 17 години. Во однос на костимите ( носии) од оваа година почна да се обновува колекцијата на носии која беше дотрајана и тоа ќе биде приоритет во наредните години. |
| ***Времетраење и место на реализација на активноста*** | Детскиот фолклорен ансамбл „Карпош“ работи во текот на цела учебна година, во просториите на ДКЦ – Карпош и тоа два пати неделно ( вторник и четвтрток) со можност да се прошири и во други денови во зависност од интересот и бројот на членовите. |
| ***Цели и очекувани резултати на проектот*** | ✓ Афирмација и запознавање со одделни специфики на македонското народно творештво на пошироката јавност особено кај децата;<br>✓ Запознавње и негување на основните фолклорни чекори и спецификата на македонските ритмови;<br>✓ Едукација на младата популација за вреднување на сопствените културни вредности од обласа на фолклорното творештво;<br>✓ Афирмација на македонската фолклорна традиција и култура;<br>✓ Можност за избор на идна професија |
| ***Потребен кадар за работа*** | Програмски организатор: Ирина Костовска<br>Стручен сорботник за фолклор: Јулијана Јакофоска Горгиевска<br>Одговорен инструктор: Снежана Балканска<br><br>Сите останати вработени како логистичка поддршка за успешна реализација на активноста |

# ВНАТРЕШНА АКТИВНОСТ

| | |
|---|---|
| ***Име на активноста*** | Ученичка квизотека |
| ***Име и адреса на носителот на активноста:*** | ЈУ. Детски културен центар –Карпош, Скопје<br>Бул.Илинден. бр.53 |
| ***Опис на активноста*** | Ученичката квизотека е активност од општи знаења и познавања, а наменета е за деца од 12 – 15 годишна возраст. Во системот на квизотеката, учество земаат сите основни училишта од градот Скопје и поблиската околина, каде се формираат училишни екипи составени од по тројца натпреварувачи и еден ментор на екипата. Натпреварите се така конципирани да претстават еден поцелосен културен настан,а во себе содржат образовна, дидактичка и забавна компонента. Натпреварите не се наменети само за натпреварувачите, туку и за пошироката публика од деца и наставници. Покрај натпреварувачите и менторите, во квизотеката учествуваат и голем број детски естрадни групи и уметници. Самиот циклус на квизотеката се состои од систем на елиминација, што значи дека бројот на директните и индиректните учесници е неколку пати зголемен од првичниот. |
| ***Времетраење и место на реализација на активноста*** | Активноста  трае од месец октомври 2020 до месец мај 2021 година. Се реализира во просториите на ДКЦ – Карпош |
| ***Цели и очекувани резултати на проектот*** | ✓ Развивање натпреварувачкидух кај учениците<br>✓ Продлабочување и систематизирање на воспитно – образовната  и културно забавната компонента<br>✓ Јакнење  на пријателството кај децата |
| ***Потребен кадар за работа*** | Одговорен: Бојан Тодоровски<br>Тројца вработени за жири комисија<br>Сите останати вработени како логистичка поддршка за успешна реализација на активноста |

# В Н А Т Р Е Ш Н А  А К Т И В Н О С Т

| | |
|---|---|
| ***Име на активноста*** | Годишен концерт на фолклорната секција на ДКЦ „ Карпош“ |
| ***Име и адреса на носителот на активноста:*** | ЈУ. Детски културен центар – Карпош, Скопје<br>Бул.Илинден. бр.53 |
| ***Опис на активноста*** | Фолклорната секција на Детски културен центар „КАРПОШ“ секоја година одржува завршен концерт, на кој членовите од фолклорната секција при Центарот се претставуваат пред нивните родители, како публика, со програмата која ја работеле во текот на годината.На овој концерт учествува и малиот оркестар на народни инструменти со кој раководи Оливер Настовски – Батка.Овој проект е од сопствени средства. |
| ***Времетраење и место на реализација на активноста*** | Активноста се одвива во март на сцена и објект по избор на Директорот на ДКЦ Карпош со почеток од 19:00 ч до 20:00 ч |
| ***Цели и очекувани резултати на проектот*** | Овој годишен концерт дава печат на севкупната работа на фолклорната секција, како и посветеноста на инструкторот кој го дава својот максимум во поставување на нови кореографии кои се уникатни и премиерно гледани од страна на публиката. |
| ***Потребен кадар за работа*** | Одговорен: Јулијана Јакофоска Георгиевска<br>Инструктор: Снежана Балканска<br>Најмалку тројца- зависност од проект-<br>Сите останати вработени како логистичка поддршка за успешна реализација на активноста |

# В Н А Т Р Е Ш Н А   А К Т И В Н О С Т

| | |
|---|---|
| ***Име на активноста*** | Годишен концерт на балетската секција на ДКЦ „ Карпош“ |
| ***Име и адреса на носителот на активноста:*** | ЈУ. Детски културен центар – Карпош, Скопје Бул.Илинден. бр.53 |
| ***Опис на активноста*** | Балетсата секција на Детски културен центар „КАРПОШ“ секоја година одржува завршен концерт, на кој членовите од балетската секција при Центарот се претставуваат пред нивните родители, како публика, со програмата која ја работеле во текот на годината.Овој проект е од сопствени средства. |
| ***Времетраење и место на реализација на активноста*** | Активноста се одвива во мај на сцена и објект по избор на Директорот на ДКЦ Карпош со почеток од 18:00 ч до 19:00 ч |
| ***Цели и очекувани резултати на проектот*** | Овој годишен концерт дава печат на севкупната работа на балетската секција, како и посветеноста на инструкторот кој го дава својот максимум во поставување на нови кореографии кои се уникатни и премиерно гледани од страна на публиката. |
| ***Потребен кадар за работа*** | Одговорен: Татјана Кипровска<br>Најмалку тројца- зависност од проект-<br>Сите останати вработени како логистичка поддршка за успешна реализација на активноста |

# В Н А Т Р Е Ш Н А   А К Т И В Н О С Т

| | |
|---|---|
| ***Име на активноста*** | Играм и пејам за мојата мајка |
| ***Име и адреса на носителот на активноста:*** | ЈУ. Детски културен центар – Карпош, Скопје<br>Бул.Илинден. бр.53 |
| ***Опис на активноста*** | |
| ***Времетраење и место на реализација на активноста*** | Активноста се реализира на 8 Март, во просториите на ДКЦ – Карпош од 10,оо до 11,оо часот |
| ***Цели и очекувани резултати на проектот*** | Манифестацијата „Играм и пејам за мојата мајка “ се одржува по повод 8 Март, денот на мајката, жената.По повод овој празник се прави изложба на цртежи и честитки поврзани со празникот 8 Март.Пред главната манифестација, ДКЦ Карпош, 15 дена порано праќа дописи до сите градинки од Скопје и околината за да имаат време да ги изработат цртежите и честитките, а ние да ги изложиме во ДКЦ Карпош.На манифестацијат се канат и присуствуваат сите градинки од Скопје, со нивни претставници–воспитувачи и по 7 дечиња. Секоја година се кани жена, успешна во својата професија која раскажува и им објаснува на децата, за професијата која таа ја одбрала, за тоа како се работи и која е нејзинатата цел, а со тоа им докажува дека и жените можат да бидат успешни во сите професии.Овој проект е од сопствени средства. |
| ***Потребен кадар за работа*** | Одговорен: Ирина Костовска<br>Најмалку тројца- зависност од проект-<br>Сите останати вработени како логистичка поддршка за успешна реализација на активноста |

# **В Н А Т Р Е Ш Н А   А К Т И В Н О С Т**

| | |
|---|---|
| ***Име на активноста*** | Цртање на асфалт |
| ***Име и адреса на носителот на активноста:*** | ЈУ. Детски културен центар – Карпош, Скопје<br>Бул.Илинден. бр.53 |
| ***Опис на активноста*** | |
| ***Времетраење и место на реализација на активноста*** | Активноста  се одвива на 24 мај, во Градски парк на Платото кај споменикот на Гоце Делчев од 10,3о до 11,3о час. |
| ***Цели и очекувани резултати на проектот*** | Манифестацијата „Цртање на асфалт"  се одржува по повод просветителите Св.Кирил и Методиј, а на манифестацијата учествуваат деца од сите градинки и околината на Скопје.ДКЦ "Карпош обезбедува материјали за цртање - (креди во боја) „Цртање на асфалт" е мултиетнички проект за развивање на ликовната дарба кај најмладите во предучилишна возраст. Другарување со музика и развивање на соживот од најрана детска возраст. Создавање на навика за одбележување на значајни личности од македонската историја. Цртежите кој децата ги цртаат на асфалтот се по сопствен избор бидејќи така најдобро ја изразуваат својата креативност и фантазија.Овој проект е од сопствени средства. |
| ***Потребен кадар за работа*** | Одговорен: Ирина Костовска<br>Најмалку тројца- зависност од проект-<br>Сите останати вработени како логистичка поддршка за успешна реализација на активноста. |

# **В Н А Т Р Е Ш Н А   А К Т И В Н О С Т**

| | |
|---|---|
| ***Име на активноста*** | Го градам мојот град |
| ***Име и адреса на носителот на активноста:*** | ЈУ. Детски културен центар – Карпош, Скопје<br>Бул.Илинден. бр.53 |
| ***Опис на активноста*** | |
| ***Времетраење и место на реализација на активноста*** | Активноста  се реализира на 13 Ноември,  во просториите на ДКЦ – Карпош од 10,оо до 11,оо часот |
| ***Цели и очекувани резултати на проектот*** | Проект по повод 13 Ноември празникот на градот Скопје.Целта на проектот е да се |

| | |
|---|---|
| | одбележи празникот, ослободувањето на градот Скопје -13 Ноември.Оваа манифестација исто така има за цел да ги истакне детските творечки способности, детската креативност.Децата градат прекрасни објекти и макети од природната убавина на Скопје. Материјалот што го користат се; (коцки, цртежи, природни материјали- лисја, дрвца и друго.Ги прават Реката Вардар, Мостови, Зоолошката градина, Водно и уште многу други објекти.Со овој проект децата од предучилишна возраст се запознаваат со денот 13 Ноември и неговото значење.Ослободувањето на градот Скопје.Овој проект е од сопствени средства. |
| ***Потребен кадар за работа*** | Одговорен: Ирина Костовска<br>Најмалку тројца- зависност од проект-<br>Сите останати вработени како логистичка поддршка за успешна реализација на активноста |

## Н А Д В О Р Е Ш Н А   А К Т И В Н О С Т

| | |
|---|---|
| ***Име на проектот*** | „ Инструментите  на моите предци“ |
| ***Име и адреса на носителот на проектот*** | ЈУ. Детски културен центар –Карпош, Скопје<br>Бул.Илинден. бр.53 |
| ***Опис на активноста*** | Оваа манифестација е составена од два дела. Првиот дел има за цел да ги поттикне децата за изучување на народни изворни инструменти ( тапан, гајда, кавал, дудук...) кои се подзаборавени, имајќи го предвид фактот дека децата имаат повеќе интерес за изучување на модерни инструменти. Исто така би се формирал оркестар од народни изворни инструменти кој би бил во функција на фолклорната секција на ДКЦ – Карпош.<br>Вториот дел  има за цел да ги едуцира помладите деца за начинот на изработка на носиите, а притоа да ја збогати збирката на носии за концертирање во ДКЦ Карпош, со што на сцена играорната група ќе може да се претстави со соодветни традиционални носии. Децата кои членуваат во играорната група ќе имаат можност да научат повеќе техники на шиење, везење и декорирање на традиционалните носии.<br>Првата фаза од вториот дел на проектот би била набавка на материјали потребни за изработка на делови од носиите.<br>Втората фаза е преку работилници децата да научат како се изработуваат носиите, односно на веќе скроени облековни елементи тие ќе имаат можност да ги додадат специфичните и карактеристични додатоци кои овозможуваат секој предмет да биде уникатен, како пришивање на копчиња на ракавите од кошулите и машките елеци, ставање реси на марамите, пришивање на пари на капите, везење на кошули и украсни марами, шиење на монистри исл. Исто така ќе има и работилници за изработка на традиционален накит, како обетки, нараквици, ѓердани, ќустеци, ремени, колани исл. |
| ***Времетраење и место на реализација на активноста*** | Од февруари ( подготовки) – до месец мај. |
| ***Цели и очекувани резултати на проектот*** | ✓ да ги поттикне децата за изучување на народни изворни инструменти ( тапан, гајда, кавал, дудук...)<br>✓ да научат како се изработуваат носиите, односно на веќе скроени облековни елементи |

| | |
|---|---|
| | каде ќе имаат можност да ги додадат специфичните и карактеристични додатоци кои овозможуваат секој предмет да биде уникатен |
| ***Потребен кадар за работа*** | Раководител на активноста: Јулијана Јакофосока Георгиевска<br>Во оваа манифестација се вклучени и сите вработени во ДКЦ Карпош во соработка со надворешно лице -Уметнички директор кој е воедно врвен уметник од областа. |



бул. Илинден бр.53, 1000 Скопје / bul. Ilinden br.53, 1000 Skopje

**e-mail:direktordkckarpos@yahoo.com,**

**www.dkckarpos.org.mk**

тел: 02 /3228 -111

## МАНИФЕСТАЦИЈА – П О Д Д Р Ж А Н А  О Д  Г Р А Д  С К О П Ј Е

| | |
|---|---|
| ***Име на проектот*** | „ Креативно менторство“ |
| ***Име и адреса на носителот на проектот*** | ЈУ. Детски културен центар –Карпош, Скопје<br>Бул.Илинден. бр.53 |
| ***Опис на активноста*** | Проект наменет за основните и средните училишта на Град Скопје и има за цел да ја сублимира креативноста и креативните потенцијали како основа за понатамошен раст и развој на ученикот. Креативноста претставува нераскинлив дел на човекот и со нејзино отсуство не е возможно да се постигне иновативност. Сведоци сме на постојаните потреби на формално и неформално образование и токму затоа нашата цел е да го насочиме вниманието кон овој креативен сегмент и на тој начин да се обидеме да делуваме на квалитетот на образовниот процес. Во сферата на креативните индустрии, теоретски имаме многу висок процент на образовани луѓе, но исто така и низок процент на практично оспособени ученици – млади луѓе. Овој проект ќе се развива во правец на интеграција на учениците во основните и средните училишта со експерти – ментори и низ серија предавања, работилници и посета на културни настани и проекти да постигнат повисоко ниво на креативност и инвентивност, а сето тоа преточено во завршен производ од областа на креативните индустрии. Преку овој проект учениците ќе имаат можност директно да се вклучат во општествените процеси, преку нивна директна ангажираност во полето на културата. Проектот Креативно менторство се состои од низа предавања и работилници на претходно утврдени теми ( дизајн маркетинг, моден дизајн, работи од обласата на визуелните уметности, работа од областа на информатичките технологии...)<br>Целта на секоја работилница е да финализира со готов производ, а понатаму следи промоција, презентација, поврзување со можни стопански субјекти. На овој начин учениците ќе имаат можност да се вклучат во целокупниот процес на креирање и создавање т.е од идеја до реализација на идејното решение – производ. |
| ***Времетраење и место на реализација на активноста*** | Од февруари ( подготовки) – до месец мај. |

| | |
|---|---|
| ***Цели и очекувани резултати на проектот*** | ✓ Запознавање со дизајн маркетинг, моден дизајн, културно наследство, работи од областа на визуелните уметности, работа од областа на информатичките технологии<br>✓ Афирмација и промоција на готов производ<br>✓ Едукација на младата популација за вреднување на сопствените културни вредности |
| ***Потребен кадар за работа*** | Програмски организатор: Ирина Костовска<br>Надворешни соработници – експерти ментори избрани по јавен оглас<br>Сите останати вработени како логистичка поддршка за успешна реализација на активноста |

**Н А Д В О Р Е Ш Н А   А К Т И В Н О С Т**
**МАНИФЕСТАЦИЈА – П О Д Д Р Ж А Н А   О Д  Г Р А Д  С К О П Ј Е**

| | |
|---|---|
| ***Име на проектот*** | „ Распеани хорчиња“ |
| ***Име и адреса на носителот на проектот*** | ЈУ. Детски културен центар –Карпош, Скопје<br>Бул.Илинден. бр.53 |
| ***Опис на активноста*** | Овој проект кој е наменет за деца и млади кои поседуваат исклучителен талент по соло и хорско пеење. Крајниот продукт од сето ова е креирање на дестки фсетивал – ДКЦ – талент фестивал, кој ќе промовира песни кои ќе бидат придружувани од хорче. Планирани се серија аудиции на кои ќе се изберат талентирни деца и млади за солисти и подготовка на 10 оригинални песни кои ќе бидат изведени на детскиот фестивал. |
| ***Времетраење и место на реализација на активноста*** | Од февруари ( подготовки) – до месец мај. |
| ***Цели и очекувани резултати на проектот*** | ✓ Афирмација на хорското пеење во државата<br>✓ Запознавање и негување на вокалната техника кај децата<br>✓ Едукација на младата популација за вреднување на сопствените културни вредности од обласата на вокалната интерпретација<br>✓ Недостаток на детски хорови и солисти од забавен карактер<br>✓ Некомерцијалност во работењето<br>✓ Можност за избор на идна професија |

| | |
|---|---|
| ***Потребен кадар за работа*** | Раководител н музички оддел: д-р Томислав Таневски<br>Во оваа манифестација се вклучени и сите вработени во ДКЦ Карпош во соработка со надворешно лице ( уметнички раководител) кој е воедно врвен уметник од обласка кој ќе биде избран на јавен оглас. |

**НАДВОРЕШНА АКТИВНОСТ**
**МАНИФЕСТАЦИЈА – ПОДДРЖАНА ОД ГРАД СКОПЈЕ**

| | |
|---|---|
| ***Име на проектот*** | „ ЗОО АЗБУКА 3 “ |
| ***Име и адреса на носителот на проектот*** | ЈУ. Детски културен центар –Карпош, Скопје<br>Бул.Илинден. бр.53 |
| ***Опис на активноста*** | Овој музичко едукативен проект, каде преку музика и ликовна уметност има за цел да ја подигне свеста кај децата за животните кои се наоѓаат во Зоолошката градина. Преку певливите едукативни рефрени и едукативната боенка, ќе им ги доближиме на децата и елементите за грижа за животните кои се раритет во ЗОО гардината. Исто така планирано е и снимање и дистрибуција на едукативни ДВД и ЦД со песните, како и изработка на едукативна боенка со текстови од песните и нотна тетратка со нотирани мелодии кои можат да служат како наставно средство по наставниот предмет музучко образование кој се изучува во градинките и основните училишта на територијата на Град Скопје. |
| ***Времетраење и место на реализација на активноста*** | Од февруари ( подготовки) – до месец мај. |
| ***Цели и очекувани резултати на проектот*** | ✓ Афирмација на соло пеење наменски песни посветени за животните од Зоо градина<br>✓ Запознавање и негување на вокалната техника кај децата<br>✓ Едукација на младата популација преку едукативни боенки<br>✓ |
| ***Потребен кадар за работа*** | Раководител на музички оддел: д-р Томислав Таневски<br>Во оваа манифестација се вклучени и сите вработени во ДКЦ Карпош во соработка со надворешно лице ( уметнички директоо) кој е воедно врвен уметник од обласка. |

# НАДВОРЕШНА АКТИВНОСТ
# МАНИФЕСТАЦИЈА– ПОДДРЖАНА ОД ГРАД СКОПЈЕ

| | |
|---|---|
| ***Име на проектот*** | „ Развиваме и градиме млади таленти“ |
| ***Име и адреса на носителот на проектот*** | ЈУ. Детски културен центар –Карпош, Скопје<br>Бул.Илинден. бр.53 |
| ***Опис на активноста*** | Овој проект ќе се релизира со деца од градинки и основни училишта од Град Скопје. Уште од најраната возраст кај денешните деца забележуваме дека се исклучително напредни и покажуваат вештини кои знаат да не воодушеват. Но, тоа не треба да го оставиме така, во процесот на нивниот раст и развој, туку потребно е да овозможиме и поттикнеме правилно да се развиваат. Преку правилно развивање на вештините се доаѓа до зголемување на самодовербата и пронаоѓање на себе си и својот талент, а тоа е од исклучително значење како за децата така и за општеството. Сето ова е осмислено да се постигне преку предавања и работилници, добро осмислени активности, кооперативни игри каде целта е да се развијат одредени вештини, а преку нив да се откријат и развијат нивните таленти. Особено е важно кај децата да се поттикне истрајноста во реализирање на замисленото и преку зголемување на самодовербата тие да станат свесни за талентот што го поседуваат. Оваа година фокусот е ставен на откривање и развивање таленти од областа на македонското народно творештво. |
| ***Времетраење и место на реализација на активноста*** | Работилниците се оджуваат два пати неделно во основните училишта и градинките од февруари до март. |
| ***Цели и очекувани резултати на проектот*** | ✓ Децата да станат свесни за себе и другите<br>✓ Да откријат дека секој има свој талент<br>✓ Да се насочат како да го градат својот талент<br>✓ Да се промовираат и афирмираат нивните таленти преку јавни настапи, изложби, концерти... |
| ***Потребен кадар за работа*** | Стручен соработник за фолклор: Јулијана Јакофоска Георгивска<br>Надворешни соработници експерти едукатори избрани на јавен оглас.<br>Сите останати вработени како логистичка поддршка за успешна реализација на активноста |

**<u>Н А Д В О Р Е Ш Н А   А К Т И В Н О С Т</u>**
**<u>П Р О Е К Т – П О Д Д Р Ж А Н  О Д  Г Р А Д  С К О П Ј Е</u>**

| | |
|---|---|
| ***Име на проектот*** | „ Разигран плоштад “ |
| ***Име и адреса на носителот на проектот*** | ЈУ. Детски културен центар –Карпош, Скопје<br>Бул.Илинден. бр.53 |
| ***Опис на активноста*** | Оваа манифестација е наменета за децата, младината и граѓаните на Скопје и се реализира во временски период од мај до септември на Плоштадите Македонија и Карпошово востание во Скопје.<br>Изведбите се од два вида:едночасовни концерти од музичката секција на ДКЦ Карпош, претстави и изведби на ора и танци од членовите на фолклорната и балетската секција од центарот како и гости од други фолклорни друштва од Скопје и светот.Активностите кои се реализираат на отворено придонесуваат за поголема афирмација на нашите секции. |
| ***Времетраење и место на реализација на активноста*** | „ Разигран плоштад“<br>се одржува од мај до септември на плоштад Македонија и плоштад „Карпошово востание“ од 19,оо до 20,оо часот |
| ***Цели и очекувани резултати на проектот*** | Целта на манифестацијата е заживување на просторот на Плоштад Македонија и Карпошово востание и приближување на активностите како и промоција и афирмација на сите секции кои се реализираат во ДКЦ – „Карпош“. |
| ***Потребен кадар за работа*** | Програмски организатор: Ирина Костовска<br>Раководител на музички оддел: Томислав Таневски<br><br>Сите останати вработени како логистичка поддршка за успешна реализација на активноста |

## Н А Д В О Р Е Ш Н А   А К Т И В Н О С Т
## МАНИФЕСТАЦИЈА ПОДДРЖАНА ОД ГРАД СКОПЈЕ

| | |
|---|---|
| ***Име на активноста*** | **Интернационален фестивал за класична гитара „ТРЕМОЛО – СКОПЈЕ 2021“** |
| ***Име и адреса на носителот на активноста:*** | ЈУ. Детски културен центар – Карпош, Скопје<br>Бул.Илинден. бр.53 |
| ***Опис на активноста*** | Фестивалот е меѓународна манифестација која ги обединува љубителите на класичната гитара, учениците, педагозите и воопшто пошироката јавност.<br>Фестивалот е поделен во два дела и тоа:<br>- Прв дел – натпреварувачки, каде се пријавуваат ученици и студенти на возраст од 10-25 години поделени во седум (7) категории и<br>- Втор дел – концерти на реномирани странски и домашни гитаристи |
| ***Времетраење и место на реализација на активноста*** | Фестивалот се одржува три дена и тоа кон крајот на Април и почетокот на Мај во тековната година, во зависност од ангажираноста на гостите кои треба да концертираат и да бидат во жири за натпреварите. Натпреварите се реализираат во текот на два дена во просториите на ДКЦ – Карпош, додека концертите се одржуваат во надворешна сала по избор. |
| ***Цели и очекувани резултати на проектот*** | Основна цел е запознавање и прикажување на уметничките вредности на музичкиот инструмент - Гитара, како и запознавање на уметнички дела и врвни интерпретатори на овој инструмент.<br><br>Очекувани резултати се: стекнување на општа музичка култура, распознавање на музички стилови и жанрови и интерпретирање на музичкиот инструмент – Гитара. |
| ***Потребен кадар за работа*** | Одговорен: д-р Томислав Таневски<br>Во оваа манифестација се вклучени и сите вработени во ДКЦ Карпош во соработка со надворешно лице кое е воедно врвен уметник од областа и избран како уметнички директор. |

**Н А Д В О Р Е Ш Н А  А К Т И В Н О С Т**
**МАНИФЕСТАЦИЈА – П О Д Д Р Ж А Н А  О Д  Г Р А Д  С К О П Ј Е**

| | |
|---|---|
| ***Име на проектот*** | „ Оро без граници“ |
| ***Име и адреса на носителот на проектот*** | ЈУ. Детски културен центар –Карпош, Скопје<br>Бул.Илинден. бр.53 |
| ***Опис на активноста*** | Меѓународниот детски фолклорен фестивал „Оро без граници“ претставува симбол на сплотеност и ширење на пријателство меѓу децата од различни држави од светот. Се реализира на отворено Плоштад Македонија со деца до 15 години од земјата и странство. |
| ***Времетраење и место на реализација на активноста*** | Детскиот фолклорен фестивал се оджува во месец септември, со одредени исклучоци. |
| ***Цели и очекувани резултати на проектот*** | ✓ Запознавање и ширење на нови пријателства<br>✓ Афирмација и запознавање со одделни специфики на македонското народно творештво на поширокта јавност особено кај децата од други држави;<br>✓ Запознавње на фолклорното творештво од други држави и култури и правење паралела со нашето;<br>✓ Запознавање и негување на основните фолклорни чекори и спецификата на македонските ритмови, како и на ритмовите на странските фолклорни ансамбли<br>✓ Едукација на младата популација за вреднување на сопствените културни вредности од областа на фолклорното творештво во споредба со странските фолклорни ансамбли;<br>✓ Афирмација на македонската фолклорна традиција и култура;<br>✓ Некомерцијалност на манифестацијата; |
| ***Потребен кадар за работа*** | Програмски организатор: Ирина Костовска<br>Раководител на музички оддел: Томислав Таневски<br>Стручен соработник за фолклор: Јулијана Јакофоска Георгивска<br>Одговорен инструктор: Снежана Балканска<br>Сите останати вработени како логистичка поддршка за успешна реализација на активноста |

**МАНИФЕСТАЦИЈА – П О Д Д Р Ж А Н А   О Д  Г Р А Д  С К О П Ј Е**

| | |
|---|---|
| ***Име на активноста*** | Движи се за здравје |
| ***Име и адреса на носителот на активноста:*** | ЈУ. Детски културен центар –Карпош, Скопје<br>Бул.Илинден. бр.53 |
| ***Опис на активноста*** | Во склоп на Европска недела на мобилност што се одржува од 16.09 до 22.09.2019 година,спортскиот оддел при Детскиот културен центар "Карпош" во соработка и подржано од Град Скопје ќе ја организира манифестацијата под мотото "Движи се за здравје".<br>Од секоја градинка  од Скопје и околината ќе учествуваат по пет момчиња и пет девојчиња од најголемата група, а на манифестацијата ќе има вежби и со велосипед и тротинет. На платотото пред фонтаната Лотос во градскиот парк се поставуваат различни типови на полигони, каде децата имаат активност да вежбаат на секој полигон поединечно. Во овој контекст тој ден децата од градинките ќе се забавуваат преку трчање,скокање,качување и симнување како и танцување. Манифестацијата е од забавно рекреативен карактер и подразбира вежби за подобрување на моторичкиот развој кај децата од рана предучилишна возраст. |
| ***Времетраење и место на реализација на активноста*** | Манифестацијата "Движи се за здравје"ќе се одржи  со почеток од 10.00ч до 12.00ч на платото пред фонтаната Лотос во градскиот парк во Скопје. |
| ***Цели и очекувани резултати на проектот*** | Целта на оваа манифестација е да се потсетиме дека вежбањето е забавно. |
| ***Потребен кадар за работа*** | Координатор: Стојан Христов<br>Програмски организатор: Ирина Костовска<br>За манифестацијата ќе бидат ангажирани стручни лица, професори од факултетот за физичка култура и инструктори.<br>Сите вработените како логистичка поддршка за успешна реализација на манифестацијата. |



------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
бул. Илинден бр.53, 1000 Скопје / bul. Ilinden br.53, 1000 Skopje
**e-mail:direktordkckarpos@yahoo.com,**
**www.dkckarpos.org.mk**
тел: 02 /3228 -111

| | |
|---|---|
| ***Име на активноста*** | Фестивал на детска креативност Трамболини |
| ***Име и адреса на носителот на активноста:*** | ЈУ. Детски културен центар – Карпош, Скопје<br>Бул.Илинден. бр.53 |
| ***Опис на активноста*** | Креативноста е клучна компонента на здравјето и среќата и една од основните вештини која треба да ја развиваме кај децата. Таа не е ограничена единсвено на уметничките и музичките изрази, туку е и од суштинско значење и за природните науки, социјалната и емоционалната интелигенција. Креативните луѓе се пофлексибилни, подобро се справуваат и ги решаваат проблемите, што пак од друга страна ги чини поспособни да се прилагодуваат на технолошкиот развој и промени.<br>Растењето покрај конзумеристичкиот маркетинг, сѐ почестите агресивни содржини и зголемената хиперактивност, визуелното и духовното загадување, бара нови точки на стабилност и инспирација и квалитетен водич до добри содржини и идеи.<br><br>Затоа овој интернационален фестивал на креативноста ќе се издвои од многубројните детски манифестации и приредби со поинаков концепт и содржина. Она по што ќе биде единствен е фактот дека ќе има исклучиво квалитетни детски содржини, интересна програма, каде децата ќе можат да поминат квалитетно време, благодарение на богатите забавно едукативни и културни содржини во тек на еден месец по завршувањето на учебната година. Разните активности би се случувале на повеќе локации во градот, каде децата ќе ја развиваат својата креативност во различни области: уметност, музика, драма, филм, литература, природни науки, археологија... Учество ќе земат и еминентни професори - гости од земјата и странство кои ќе бидат и носители во одредени области.<br><br>За таа цел, партнери ќе ни бидат неколку јавни |

| | |
|---|---|
| | институции кои програмски и содржински ќе придонесат во реализација на овој фестивал. |
| ***Времетраење и место на реализација на активноста*** | Фестивалот се одржува три дена и тоа кон крајот на Април и почетокот на Мај во тековната година, во зависност од ангажираноста на гостите кои треба да концертираат и да бидат во жири за натпреварите. Натпреварите се реализираат во текот на два дена во просториите на ДКЦ – Карпош, додека концертите се одржуваат во надворешна сала по избор. |
| ***Цели и очекувани резултати на проектот*** | Основна цел е развивање на детската креативност во различни области: уметност, музика, драма, филм, литература, природни науки, археологија...<br><br>Очекувани резултати се: стекнување на нови знаења од областа на уметност, музика, драма, филм, литература, природни науки, археологија... |
| ***Потребен кадар за работа*** | Одговорен: Татјана Кипровска<br>Во оваа манифестација се вклучени и сите вработени во ДКЦ Карпош во соработка со надворешни лица едукатори и стручни лица од секоја област во културата поединечно. |

**Н А Д В О Р Е Ш Н А   А К Т И В Н О С Т**
**М А Н И Ф Е С Т А Ц И Ј А – П О Д Д Р Ж А Н А  О Д  Г Р А Д  С К О П Ј Е**

| | |
|---|---|
| ***Име на активноста*** | Читачки маратон |
| ***Име и адреса на носителот на активноста:*** | ЈУ. Детски културен центар – Карпош, Скопје<br>Бул.Илинден. бр.53 |
| ***Опис на активноста*** | Идејата е да се зголеми читачката култура кај најмладите, затоа што дете кое чита, е возрасен кој размислува.<br>Овој проект е замислен да во него се вклучат реномирани и млади автори кои имаат афинитет кон пишаниот збор преку јавен повик за пишување на роман. Преку точно утврдени критериуми кои ќе бидат дадени во јавниот повик и компетентна стручна комисија, ќе се изврши избор на најдобриот роман наменет за деца од 10 – 15 годишна возраст, кој потоа ќе биде и отпечатен. |

| | |
|---|---|
| | Откако ќе се отпечати романот, во план е да се организира кампања за поттикнување читачки навики кај децата. Кампањата има за цел да ја поттикне љубовта кон книгите, да се создадат идни читатели и да се инспирира корисно поминато слободно време. |
| ***Времетраење и место на реализација на активноста*** | Од февруари до јуни. Промоцијата се планира да се реализира на отворено. |
| ***Цели и очекувани резултати на проектот*** | Целта е да ги охрабри младите да читаат книги, т.е да се подигне нивото на читачката публика и да се дојде до вклување на реномирани и млади автори кои имаат афинитет кон пишаниот збор преку јавен повик за пишување на прозно дело.<br>Се очекува прво издание на прозно дело за деца од 10 – 15 години. |
| ***Потребен кадар за работа*** | Одговорен: Бојан Тодоровски<br>Во оваа манифестација се вклучени и сите вработени во ДКЦ Карпош во соработка со надворешни лица т.е жири комисија за избор на најдобро прозно дело. |

## НАДВОРЕШНА АКТИВНОСТ
## ПРОЕКТ – ПОДДРЖАН ОД ГРАД СКОПЈЕ

| | |
|---|---|
| ***Име на проектот*** | „ Фестивал на класичен балет и модерен танц “ |
| ***Име и адреса на носителот на проектот*** | ЈУ. Детски културен центар –Карпош, Скопје<br>Бул.Илинден. бр.53 |
| ***Опис на активноста*** | Концепираноста на фестивалската програма во основа ја поддржува разноликоста која се сретнува во воспитно-образовниот процес во танцовите секции. Таа разноликост опфаќа широк спектар како класичен балет така и мноштво од современи стилови.Организацијата и реализацијата на фестивалот придонесува за афирмација на танцовата уметност кај младата популација , запознавање со иновативната содржина во негување ( обука ) на танцот како уметничко средство на изразност како и оценка на професионалните капацитети и ресурси за развој на |

| | |
|---|---|
| | танцовата уметност во Македонија.<br><br>Придобивките во реализација на проектот по наше мислење се големи , имајки ја во предвид ситуацијата со КОВИД-19.<br>Ангажираноста на децата во овој период е од големо значење за нивниот психофизички развој.<br>Ова е прв балетски фестивал во нашата држава кој ги опфаќа сите категории (од најмали до возрасни). Непостоењето на ваков фестивал кај нас ја актуелизира потребата за системски пристап кон вреднувањето на балетската уметност во сите возрасни категории. Токму затоа водени од желбата за ставање на Скопје на мапата на уметничка Европа го предлагаме овој проект со цел валоризирање на трудот и посветеноста на децата кои ја сакаат балетската уметност и сите балетски студија во Скопје но и надвор од Скопје. Со цел за правилно усмерување и вреднување на талентите сметаме дека е неопходен еден ваков фестивал кој со годините што доаѓаат ќе го унапреди и културниот живот во нашиот град. Инаку ваков тип на фестивали постојат во сите важни европски градови и се исклучително посетени и високо вреднувани, бидејќи ја промовираат уметноста уште со првите чекори на нашите деца. |
| ***Времетраење и место на реализација на активноста*** | „ Фестивал на клсичен балет и модерен танц“<br>се одржува од мај - јуни на отв орен простор или на сцена во некој од театрите. Фестивалот трае три дена. |
| ***Цели и очекувани резултати на проектот*** | Целта на фестивалот е актуелизирање на потребата за системски пристап кон вреднувањето на балетската уметност во сите возрасни категории и правилно усмерување и вреднување на талентите. |
| ***Потребен кадар за работа*** | Координатор: Татјана Кипровска<br><br>Сите останати вработени како логистичка поддршка за успешна реализација на активноста во соработка со уметничкиот директор на фестивалот кој е експерт од балетската уметност, а е избран на јавен повик. |